Врз основа на член 22 став 7 од Законот за Локална самоуправа ( „Службен весник на РМ“ бр 5/02 ), Програмата за остварување на социјалната заштита во Општина Битола за 2023 („Службен гласник на Општина Битола“ бр. 16/22 од 30.12.2022), Општина Битола објавува:

# ЈАВЕН ПОВИК

за вршење на јавни работи и работно ангажирање на :

- **30 лица невработени ниско квалификувани и со средно образование** кои ќе бидат ангажирани за одржување и уредување на јавни површини во градот и руралните средини, помош при работа на зимската служба и други активности на јавните претпријатија.

Работното ангажирање ќе биде за период од 1 **месеци декември** , во работни денови, понеделник – петок, со ангажман од по 8 работни часа на ден, за што на лицата ќе биде исплатен месечен надоместок во износ од **22.300,00 денари бруто износ**. Во износот се пресметани покрај надоместокот за извршената работа во тековниот месец и трошоците за превоз од местото на вршење на работите како и надоместокот за исхрана.

**Кандидатите треба да достават барање, копија од документ за идентификација (лична карта)**.

Заинтересираните кандидати да се јават во период од 5 работни денови од денот на објавување на огласот, заклучно со 29.11.2023 год.

Бараните документи можат да се достават во просториите на Општина Битола ул. „Булевар 1 Мај“ бр.61 на шалтер бр 1.

Бр.41- 335/2
23.11.2023

ГРАДОНАЧАЛНИК
Тони Коњановски